ПРЕДЛАГАЧ: **Трајко Славески**
Претседател на Совет на Град Скопје

Предлог-Одлука
за поништување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2023 година, донесено на триесет и втората седница на Советот на Град Скопје одржана на 20 јули 2023 година

Скопје,септември 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Град Скопје на ----------- седница, одржана на ----------- донесе

ОДЛУКА
за поништување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2023 година, донесено на триесет и втората седница на Советот на Град Скопје одржана на 20 јули 2023 година

Член 1
Со оваа одлука се поништува Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2023 година, донесено на триесет и втората седница на Советот на Град Скопје одржана на 20 јули 2023 година

Член 2
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје"

Број ______________
Септември 2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на одлуки на Совеот на Град Скопје е  член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02).

Имено, на триесет и втората седница на Советот на Град Скопје одржана на 20 јули 2023 година, како прва точка на дневен ред се разгледуваше Предлог–Изменување и дополнување на Буџетот на Град Скопје за 2023 година. На седницата беа доставени амандмани од страна на членовите на Советот на Град Скопје и некои од нив беа прифатени и станаа составен дел на Предлогот-Изменување и дополнување на Буџетот на Град Скопје за 2023 година кои беа усвоени од страна на Советот на Град Скопје. Изменување и дополнување на Буџетот на Град Скопје за 2023 година со потебниот број на гласови од членовите на Советот на Град Скопје беа донесени.

Пред да ги потпише, Претседателот на Советот на Град Скопје, добива известување од Градоначалникот на Град Скопје со укажување дека Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2023 година донесено од страна на Советот на Град Скопје нема да може да се вчита  заради грешка во 2 амандмана.(Допис број 08-7789/1 0д 24.07.2023 година)

Исто така  на Претседателот на Советот на Град Скопје не му се навремено, во рок од 3 дена,  Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Поради изнесеното    претседателот на Советот на Град Скопје не го потпишува актот и предлага да се донесе Одлука за поништување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2023 година, донесено на триесет и втората седница на Советот на Град Скопје одржана на 20 јули 2023 година.